Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **Заедница на сопственици на станбена зграда - Скопје**, за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (липа), како и кастрење на 12 (дванаесет) дрва (6 липи, 2 кедари (намалување на висината на стеблата), багрем, слива, кисело дрво, јасен) што се наоѓаат **на Бул."Св. Климент Охридски" бр.15/3 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обрзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 (едно) дрво , постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исеченото стебло.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Заедница на сопственици на станбена зграда - Скопје, Бул. "Св. Климент Охридски" бр.15/3 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/527** од **23.06.2026** година, за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓаат **на Бул."Св. Климент Охридски" бр.15/3 – Скопје.**

Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвото што е за сечење е нападнато од габи деструктори, со скршени гранки кои висат, истото е во процес на сушење и е опасно да падне и причини материјална и нематеријална штета, а пак од дрвата што се за кастрење, за кедарите потребно е да се намали висината на стеблата, а за останатите да се изврши кастрење поради широкоразгранета крошна и гранки кои се надвиснати над улицата и паркинг просторот.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) , јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и е одлучено 12 (дванаесет) дрва да бидат искастрени, а 1 (едно) дрво да биде исечено, бидејќи е констатирано дека поради состојбата на дрвото истото потребно е да се исече.
На ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје му е наметнато компензациско садење за дрвото за кое е дозволено сечење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/527/2**
**07.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил
**Марија Стојановска**

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT